До Министерството за здравство

Кабинет за едукации

# И З В Е Ш Т А Ј

за извршена обука од областа на ИМП во Тренинг-центарот Измир турција

во период од 20.10.2014 до 30.10. 2014.

Врз основа на Програмата за едукација на лекари и мед. персонал за 2014година, како претставник на ИМП -Битола бев испратена во центарот за обука во Измир. Урла (Сим) центарот преставува современ тренинг и симулационен центар, каде од 2004година досега околу10000 учесници само од Турција, присуствувале на оваа обука.BASEP-проектот вкључува повеќе земји од Балканот меѓу кој и нашата земја, а нејзината програма е наменета пред се за персоналот од службите на ИМП.

1-Ден-20Октомври- започна со кратка презентација на д-р Турхан Софоглу за земјата домаќин Турција и нејзиниот здравствен систем со посебен осврт на Итните здравствени служби.

-ораганизираност и начин на функционирање на амбулантскиот сервис 112 во Измир, како и на националните медицински тимови UMKE.

-посета на командниот-контролен-центар (диспечерски центар) начина на примање и предавање на посети, координирање со полиција, пожарна ,болница,прехоспитална организација при катастрофи и водење на целосна документација.

-запознавање со нивните амбулантски возила(земја, вода,воздух)

2-Ден-21Октомври-презентација на д-р Мурат Анил на тема:Итен пристап на дете пациент

-основно и напреднато одржување во живот(запознавање со измените во водичите според ЕРЦ.

-шок,асистирана вентилација, ритам и нарушувања

-вежба-поставување на ларингеална маска и интубирање на возрасни и деца

3-Ден 22Октомври-презентација на д-р Зејнеп Софоглу на тема:Напреднато одржување во живот

-Cardiak arrest-сценарија со и без сведок,примена на дефибрилатор,ервеј и лекови

-вежба-интраосеално давање на лекови(од големо значење во сите ургентни состојби кога неможи да се најди вена.)

-презентација на д-р Киро Салвани -запознавање со нашата земја,и организираноста и функционирањето на службите на ИМП во нашата земја.

4-Ден23Октомври-посета на најстарата боница во Измир,ургентните центри за деца и возрасни и запознавање со начинот на нивото функционирње.

5-Ден24Октомври-Пристап на тимот кон пациент со траума

-вежба-повреда на екстремитет,абдоминална повреда ALERT!!! –постапка со откинатиот дел од екстремитетот

-вежба-повреден со Crush-синдром ALERT!!!-постапка со товарот

6-Ден27Октомври-Организираност при масовни несреќи,формирање на државен тим за мед. спасување, искустваод Чешме- Либија

-вежба-управување со сцена на местото на несреќа

7-Ден28октомври-Вежба- Тријажа(исценирана несреќа со 10повредени, секој од нас да направи СТАРТ тријажа за  не повеќе од 10минути.)

8-Ден29октомври-Државен празник на Турција- посета на Ефес.

9-Ден30октомври- Свечано доделување на сертификати за успешно завршена едукација. Едукација ,која согласно програмата за едуцирање на лекарите од ИМП, ги исполни сите стандарди на едно високо Европско ниво, создавајќи еден тим на добро едуцирани лекари,кои ќе го продолжат едуцирањето на останатиот персонал од службите за ИМП,презентирајќи ги најновите доктрини од областа на прехоспитална ургентна медицина  согласно со новиот правилник  за работа во ИМП. Благодарност  до министерството за овозможената едукација,искрајна подршка на програмата за едукација на тимовите од ИМП и желба за што поскоро отворање на нашиот едукативен центар.

Битола　　　　　　　　　　　　　　　　Лице на обука

12.11.2014　　　　　　　　　　　　　　Др Моника Јовановска